МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
**ПЕЛА ЛИНК**

Меѓуопштинско јавно претпријатие ПЕЛАЛИНК
Бр 04-921/1
01.10 2024 год.
Битола

Врз основа на член 37 од законот за јавни претпријатија, (Сл.В. бр 38/96, 35/19, 275/19 и последната измена бр.89/22), член 20 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Сл.В. бр 27/14, 14/20, 215/21, 99/22 и последната измена бр.159/22),член 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл.В.бр 62/05, 110/19, 267/20 и последната измена бр.288/21) ,В.Д Директорот на МЈП ПЕЛАЛИНК Битола објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БР 2/2024**

**За вработување на даватели на услуги на неопределено време за следните работни места:**

1.**Возач на автобус во јавен превоз (КДР 03 05 Б02 116)** 6( шест ) извршители. Превозот главно ќе се обавува на теритотијата на Општина Могила 2( два возачи ) , Општина Новаци 1(еден возач ) и Општина Битола 3(три возачи) и останатите потреби на претпријатието.

2. **Помлад возач на автобус или минибус за јавен превоз (КДР 03 05 Б04 069)** 1(еден) извршител.

3.**Возач на патничко возило – патничко комбе со 8 седишта не рачунајки го седиштето на возачот (КДР 04 03 А02 002)** – 1(еден извршител).

**Општи услови**

1.Државјани на Република Македонија

2.Активно користење на македонскиот јазик

3.Да имаат општа здравствена способност за работното место

4.Со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

**Посебни услови**

1.Минимум стручни квалификации 240 ЕЦВЕТ/МКСОО ,ССС IV степен

2.Минимум работно искуство на струката под реден број 1(еден) и 3(три): 2(две) години работно искуство под реден број 2(два) без работно искуство

3. Возачка дозвола под реден број 1(еден) и 2(два) – категорија Д или Д1, под реден број 3 – категорија Б

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок. Работното време изнесува 40 часа неделно. Имајки ја во предвид спецификата на работата, и потребите за превоз на учениците во смени, работното време започнува во зависност од должината на релацијата, а релацијата се изведува според возниот ред. Ефективното работно време во текот на денот трае не подолго од 8 часа.

Паричниот износ на основната плата изнесува 27.692 денари.

МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ПЕЛА ЛИНК

Постапката за селекција на вработување на даватели на услуги во МЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15 ( петнаесет ) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што го издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

Кандидатите треба да ги достават сите документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

- Уверение за државјанство
- Возачка дозвола
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност
- Лекарско уверение за возач на соодветнта возачка категорија
- Диплома за завршено соодветно образование
- Доказ за работно искуство ПИОМ / АВРМ историјат
- Пополнета пријава за вработување

Пријава може да се подигне од портирницата на Општина Битола, секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот до денот одреден за пријавување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите да ги достават на портирница на Општина Битола на ул. Бул. 1- ви Мај 61 Битола.

Меѓуопштинско јавно претпријатие ПЕЛА ЛИНК Битола